**МОДЕЛ НА ДОГОВОР**
**за купопродажба на природен гас**

**Склучен помеѓу:**

1. ______________________, со адреса_______________, ЕДБ:___________________, ЕМБС:______________, застапувано од____________________, EIC код_____________________ во понатамошниот текст: Продавач и

2. **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. "Тодор Александров" бр. 6 Скопје - Гази Баба, ЕДБ 4080022607900 и ЕМБС 7605412, застапувано од Управител Ѓорѓи Каралиев, EIC код 70X000000005EPTQ, во понатамошниот текст: Купувач.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

**Член 1**

(1) Предмет на овој Договор е уредување на правата и обврските помеѓу __________________ од една страна како Продавач и **ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје** како Купувач, носител на групна набавка на природен гас, а кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор за купопродажба на природен гас, согласно објавениот Јавен повик бр.07-2026 од 21.09.2026 година.

(2) Продавачот му продава на Купувачот природен гас согласно Законот за енергетика, подзаконските акти донесени од надлежното регулаторно тело, друг надлежен орган или учесницнте на пазарот на природен гас, Законот за облигациони односи и останати позитивни законски прописи.

(3) Со овој Договор, Продавачот се обврзува да врши континуирана испорака на природен гас со определени физичко-хемиски својства на паритет DAP во место на испорака ГМС Жидилово, во количество и динамика под услови утврдени со овој Договор. Купувачот се обврзува да врши континуирано преземање на гасот и плаќање за преземените количини во согласност со условите, на начин и во рок како што е предвидено во овој Договор.

## II. КОЛИЧИНА, КВАЛИТЕТ И ДИНАМИКА НА ИСПОРАКА НА ПРИРОДЕН ГАС

### Член 2

(1) Продавачот е должен да ги испорача, а Купувачот да ги преземе договорените номинирани количини на природен гас.

- Минимални количини и ранг на дневни најави:

Табела 1

| **Количини-MWh** | **Октомври (01.10-14.10.2026)** | **Октомври (15.10-31.10.2026)** |
|---|---|---|
| Минимална месечна количина за ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје | 0 | 5.500 |
| Минимална месечна количина за групна набавка | 0 | 8.500 |
| Минимална дневна најава за групна набавка | 0 | 400 |
| Максимална дневна најава за групна набавка | 800 | 1.900 |

*Бараните количини за периодот на испорака 01.10.2026 – 14.10.2026 година се со можност за еднодневни еднократни испораки, согласно наведениот ранг.

**За групната набавка на природен гас меродавна е минималната месечна количина за групна набавка. Со минималната месечна количина на природен гас на ЕСМ Производство на топлина се определува количината што Купувачот ја плаќа авансно.

(2) Квалитетот на природниот гас испорачан од Продавачот, согласно Мрежните правила за измена и дополнување на Мрежните правила за пренос на природен гас (Сл.весник на РСМ 285/22), ќе биде со следните референтни вредности:

- Метан (С1) минимум 75;
- Азот (N2) максимум 6;
- Јаглерод диоксид (CO2) максимум 3;
- Бруто (горна) калориска моќ максимална 13,67 Kwh/м3; минимална 10,17 Kwh/м3
- Вобе индекс максимална 16,33 Kwh/м3 ; минимална 13,07 Kwh/м3;
- Точка на росење на вода, не повисока од минус 8 степени Целзиусови ( -8 C ) при притисок од 39,2 bar;
- Температура на природен гас : од +0 C до +50 C;

Горенаведените референтни услови за температура, притисок и влажност, кои треба да се користат за мерења и пресметки на природен гас, се 273,15 K (=0 °C) и 101,325 kPa (=1,01325 bar (апсолутна) за вистински сув гас.

(3) Продавачот е должен до Купувачот да достави Сертификат за квалитет на природен гас на прекугранична излезна точка ГМС Ќустендил / Жидилово најдоцна 10 работни дена по завршување на месецот на испорака.

(4) Како временска зона се зема Централно Европско време (CET).

(5) Купувачот е должен да достави најави за потребни количини од природен гас до Продавачот, односно да ги номинира потребните количини и по потреба да ги реноминира количините како следи:

- Динамика на доставување на дневни номинации за потребни количини на природен гас: Д-1. Купувачот има обврска најдоцна до 12:00 часот во тековниот ден да ги номинира количините што ќе бидат преземени во текот на наредниот ден во ГМС Жидилово, а Продавачот има обврска да му ја потврди номинацијата на Купувачот

до 14:00 часот во тековниот ден за количини кои ќе бидат испорачани во текот на наредниот ден. Дневната номинација за количина на преземање започнува во 06:00 часот и завршува во 06:00 следниот ден.

(6) Купувачот е должен да ги испрати номинациите на следната електронска адреса:

- ________________

(7) Количината на природен гас испорачана до Купувачот во текот на соодветниот месец се прикажува во месечното усогласување на испорачани/преземени количини на природен гас. Месечното усогласување на испорачани/преземени количини на природен гас содржи информации за договорените, испорачаните, одбиените и неиспорачаните количини на природен гас. Продавачот го составува месечното усогласување на испорачани/преземени количини на природен гас и го испраќа по е-пошта до Купувачот во рок од 5 (пет) дена по завршувањето на месецот на испорака.

(8) Во случај да постои разлика меѓу двете договорни страни за месечното усогласување на испорачани/преземени количини на природен гас, веродостојни се податоци од Операторот на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија.

## III. НАЧИН И МЕСТО НА ИСПОРАКА НА ПРИРОДЕН ГАС

**Член 3**

(1) За место на испорака и мерење на природениот гас се смета местото на испорака главна мерна станица (ГМС) Жидилово.

(2) Мерењето односно отчитувањето на мерните уреди на испорачаното количество природен гас ќе се врши во согласност со член 29 од Правилата за снабдување со природен гас.

(3) Продавачот е должен да го информира Купувачот веднаш (по телефон и е-пошта) штом дознае за настанати проблеми во преносот на природен гас на електронски адреси и телефонски броеви на лицата наведени во Член 8 став 1.

## IV. ПРЕСМЕТКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ПРИРОДНИОТ ГАС

**Член 4**

(1) Продавачот ќе му доставува месечна фактура на Купувачот за услугата продажба на природен гас по завршување на календарскиот месец.

(2) Продажната месечна цена на природен гас е со следните пресметковни елементи:

- Цена за набавка на природен гас;
- Износ на ДДВ (доколку се работи за даночен обврзник во Р. С. Македонија);

(3) Трошоците за пренос на испорачаните количини на природен гас и трошоците за балансирање на системот за пренос на природен гас ги покрива Купувачот.

(4) До колку надлежното регулаторно тело, друг надлежен орган или некој од учесниците на пазарот на природен гас, предвиди дополнителни надоместоци, кои ќе произлезат од законската регулатива и подзаконските акти, истите ќе се засметуваат во продажната месечна цена на учесниците на пазарот на природен гас.

## V. ЦЕНА НА ДОГОВОРОТ, НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕТО

### Член 5

(1) Цена на договорот: маржа од XXX EUR/MWh (XXXXX евра за MWh) за целиот период на испорака.

(2) Купувачот ги плаќа минималните месечни количини на природен гас авансно, по доставена профактура од страна на продавачот. Продавачот ја доставува профактурата на следниве електронски адреси:

esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk
prirodengas@esm-proizvodstvo.mk
nominacijaproizvodstvo@gmail.com

Плаќањето и доставувањето на профактурите ќе биде согласно датумот даден во табела бр. 2.

Табела 2

| **Период** | **Датум на доставување/плаќање** |
|---|---|
| 15-31.10.2026 | 14.10.2026 |

(3) Цената на природниот гас во профактурата се пресметува на следниов начин:

$$C_p = C_{TTF} + \text{маржа изразена во апсолутна вредност ЕУР/MWh}$$

$C_p$ – цена во профактурата по која економскиот оператор го продава природниот гас на купувачот

$C_{TTF}$ – цена на Dutch TTF достапна на денот на издавање на профактурата

Како цена на Dutch TTF се зема цената од следниов линк:

https://www.eex.com/en/market-data/market-data-hub

Со следниве опции во менито “advanced search”:

Commodity: Natural gas

Pricing: Spot

Area: TTF

Product: DA (day ahead)

Се следи цената во менито “table” за соодветниот ден на тргување (trading day).

Напомени:

- Цената од соодветниот ден на тргување (trading day) се однесува на денот на испорака (delivery day)
- За деновите кога нема податоци за одредување на дневна цена, ќе се земе предвид последно достапната цена од ден на тргување (trading day).

(4) Износот во профактурата ($I_p$) претставува производ од минималната количини за периодот ($K_p$) и цената ($C_p$) на природниот гас која била достапна на денот на издавање на профактурата:

$$I_p = K_p * C_p$$

$I_p$ - износ на профактура
$K_p$ - минимална количина за периодот

Минималната количина за периодот (Kp) преставува количник од минималната месечни количини поделена со бројот на денови во месецот, помножено со бројот на денови во периодот за кој се издава профактурата:

$$K_p = (K / n_m) * n_p$$

K - минимална месечна количина
$K_p$ - минимална количина за периодот
$n_m$ - број на денови во месецот
$n_p$ - број на денови за периодот

(5) Продавачот се обврзува во рок од 10 дена по истекот на месецот да достави конечна фактура со пресметка за потврдените номинации на природен гас и цени на природен гас, на следниве електронски адреси:

esm-proizvodstvo.prirodengas@elem.com.mk
prirodengas@esm-proizvodstvo.mk
nominacijaproizvodstvo@gmail.com

(6) Износот на конечната фактура ќе претставува сума од производот на номинираната количина на природен гас за соодветниот ден ($K_n$) и цената на природниот гас за соодветниот ден ($C_n$) зголемена за маржата, и се пресметува по следнава формула:

$$I = \sum_{n=1}^{n} [(\mathrm{Kn} * (Cn + M\text{аржа})]$$

каде што:

I – вкупен износ на конечната фактура

n – број на денови во месецот

$K_n$ – номинирани количини за денот n

$C_n$ – цена на Dutch TTF берза на денот n

Напомени:

- Цената од соодветниот ден на тргување (trading day) се однесува на денот на испорака (delivery day)

- За деновите кога нема податоци за одредување на дневна цена, ќе се земе предвид последно достапната цена од ден на тргување (trading day).

(7) Во случај на позитивна разлика помеѓу потврдените месечни номинации и платените минимални количини, финансиското порамнување ќе се изврши во конечната фактура за соодветниот месец.

(8) Во случај на негативна разлика помеѓу потврдените месечни номинации и платените минимални количини, за непреземените количини до нивото на минимална месечна количина финансиското порамнување ќе се изврши во конечната фактура за соодветниот месец, при што повеќе платениот износ му се враќа на Купувачот, најдоцна до 21-ви во тековниот месец за претходниот месец.

(9) Продавачот се обврзува во рок од 10 дена по истекот на месецот на испорака да издаде конечна фактура, а Купувачот се обврзува да ја плати конечната фактура во рок од 10 дена по нејзиното примање.

(10) Пресметката на денарската противвредност на профактурата и конечната фактура ќе се врши по средниот курс на НБРСМ на датумот на издавање на профактурата/ конечната фактура.

(11) Обезбедување на плаќањето се врши на следниот начин:

- За да се обезбеди исполнување на сите обврски од двата поединечни договори за купопродажба на природен гас со ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје и АД ЕСМ Подружница Енергетика Скопје кои произлегуваат од групната набавка согласно Јавниот повик 07-2026, Продавачот е должен најдоцна до 25.09.2026 година, до 12:00 h CET, да достави банкарска гаранција / депозит за квалитетно извршување на договорот, со важност од 01.10.2026 до 20.11.2026 година, на износ од 400.000 ЕУР, во денарска противвредност пресметана по среден курс на НБРСМ на денот на вршење на плаќањето, доколку депозитот се уплаќа во денари. Во случај на уплата на депозит, банкарските провизии за трансфер на средствата се на товар на понудувачот.
- Доколку Понудувачот не достави банкарска гаранција / депозит за квалитетно извршување на договорот до 25.09.2026, до 12:00 часот CET, Купувачот ќе ја реализира банкарската гаранција на Понудата, односно нема да го врати депозитот кој служи за обезбедување на Понудата дефиниран во Јавниот повик бр. 07-2026, ќе го раскине Договорот за купопродажба на природен гас и нема обврска да ги плати преземените / испорачаните количини на природен гас.
- Банкарската гаранција треба да биде неотповиклива, безусловна, без право на приговор и наплатлива на прв повик.
- Финансиското обезбедување за квалитетно извршување на договорот се враќа на Понудувачот најдоцна до 24.11.2026.
- Финансиското обезбедување за квалитетно извршување на договорот ќе се наплати доколку Понудувачот не се придржува на условите од Договорот за купопродажба на природен гас.

## VI. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

**Член 6**

(1) Секоја договорна страна ќе биде должна да надомести штета на другата договорна страна за неисполнување или повреда на договорните обврски, настанати по вина на таа страна во согласност со одредбите за надомест на штета, утврдени во Законот за облигациони односи.

(2) Продавачот и Купувачот се ослободуваат од одговорноста за неисполнување или повреда на договорните обврски, ако тоа е предизвикано од дејствија, настани или акти на државните органи, врз што страните не можат да влијаат или што не зависат од нивната волја.

(3) Договорните страни нема да бидат одговорни за штетите или за какво било неизвршување или доцнење во извршувањето на каква било обврска од овој договор, каде таквото извршување или доцнење е предизвикано од виша сила, односно настани, појави или околности разумно надвор од контрола на таа страна вклучително без прејудицирање на генералноста на претходното, неизвршување или доцнење предизвикано од или како резултат на виша сила, штрајкови, пожари, поплави, војни (без разлика дали е прогласена или не) бунтови, ембарга, несреќи, ограничувања, наметнати од какви било надлежни власти коишто директно и неизбежно влијаат врз извршувањето на обврските од овој договор.

(4) Страната чиешто извршување е под такви влијанија, треба веднаш да ја извести другата страна, укажувајќи на природата на односната причина и до колку е можно да ја информира другата страна за очекуваното траење на настанатата Виша сила.

## VII.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

(1) Договорните страни се согласни овој договор да важи во периодот од 01.10.2026 година (06:00 h CET) до 01.11.2026 година (06:00 h CET).

(2) Сите измени и дополнувања на овој договор ќе се вршат со Анекс и се сметаат за правноважечки, ако се склучени во писмена форма и потпишани од овластени претставници на двете договорни страни.

(3) Овој договор може да се раскине со заедничка согласност на двете договорни страни при што ќе се уредат начинот, времето и условите под кои ќе престане да важи Договорот.

(4) Во случај на отпочнување на предстечајна, стечајна постапка, односно ликвидациона постапка на една од договорните страни, секоја од страните е должна веднаш писмено да ја извести другата договорна страна.

## VIII. ГЕНЕРАЛНИ ИЗВЕСТУВАЊА

**Член 8**

(1) Договорните страни се согласни доставувањето на сите известувања во врска со овој Договор да биде во писмена форма, по пошта со препорачана пратка со повратен рецепис или да се одвива по електронски пат, на следниве адреси:

За Купувачот:

- gkaraliev@esm-proizvodstvo.mk
- gjanev@esm-proizvodstvo.mk
- nominacija@esm-proizvodstvo.mk
- hnoveska@esm-proizvodstvo.mk
- djakimovska@esm-proizvodstvo.mk
- dbitrakovski@esm-proizvodstvo.mk
- sxhaferi@esm-proizvodstvo.mk
- mtrajkova@esm-proizvodstvo.mk

За Продавачот:

- ____________________

(2) Договорните страни се согласни, доколку дојде до промена на седиштето на некоја од договорните страни, во рок од 5 (пет) дена од извршената промена да ја известат по писмен пат во електронска пошта другата договорна страна, во спротивно ќе се смета дека доставата на писменото известување е уредно извршена, доколку е направен обид писменото известување да се предаде на наведените адреси во овој Договор, а договорните страни нема да бидат пронајдени на наведените адреси.

## IX. НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ И ВАЖЕЧКО ПРАВО

**Член 9**

(1) Споровите што евентуално би настанале со применување и реализацијата на овој договор, Договорните страни, пред сé, ќе се обидат да ги решаваат спогодбено, а до колку тоа не е можно, за решавање месно ќе биде надлежен Основниот Граѓански суд во Скопје.

(2) За сé што не е утврдено во овој Договор, а произлегува од неговото исполнување, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи (со сите измени и дополнувања), Законот за Енергетика, Мрежните правила за пренос на природен гас, Правилата за пренос на природен гас и сите останати позитивни законски и подзаконски прописи на Р.С. Македонија.

## X. КАЗНЕНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

**Член 10**

(1) Договорниот орган кој ќе задоцни со исполнувањето на паричната обврска (плаќањето) од овој Договор, долгува, покрај главнината, и законска казнена камата, согласно член 266-а став 6 од Законот за облигациони односи и точка 3 од одлуката за референтна каматна стапка за пресметување на стапката на казнена камата (Сл.весник на РМ број 139/08).

(2) Продавачот има право на казнена камата без оглед на тоа дали претрпел некаква штета поради задоцнувањето. Ако штетата што ја претрпел Продавачот поради задоцнувањето е поголема од износот што би го добил на име казнена камата, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

## XI. НЕИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

(1) Доколку Продавачот не успее да ја испорача целата или дел од договорената количина на природен гас согласно овој Договорот и при тоа нема Случај на Виша Сила, Продавачот ќе му плати на Купувачот сума еднаква на производот од разликата помеѓу договорената цена за природниот гас според Договорот и цената за која Купувачот може да набави природен гас на пазарот (доколку е повисока), и целата количина на неиспорачан природен гас.

Таквата цена ќе биде утврдена на комерцијално разумен начин, заедно со релевантните и комерцијално разумни трошоци и останатите комерцијално разумни документирани трошоци.

(2) Доколку Купувачот не успее да ја преземе целата количина или дел од количината на природниот гас според Договорот, а при тоа нема Случај на Виша Сила, Купувачот ќе му плати на Продавачот сума еднаква на производот од разликата помеѓу договорената цена за природниот гас според Договорот и најниската цена по која Продавачот може да го продаде природниот гас на пазарот, и количината на непреземениот природен гас.

Таквата цена ќе биде утврдена на комерцијално разумен начин, заедно со релевантните и комерцијално разумни трошоци и останатите комерцијално разумни документирани трошоци.

## XII. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

(1) Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

(2) Измени и дополнувања на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

(3) Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

(4) Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на договор за изменување и дополнување на основниот договор или со Анекс на Договорот.

(5) Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**XIII. ВИША СИЛА**

**Член 13**

(1) Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна, ако до неисполнување на овој Договор дошло заради виша сила, согласно одредбите од Закон за облигациони односи, како и согласнос принципите и условите утврдени со ICC Force Majeure Clause 2020. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветни докази. По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или истиот да се раскине.

**XIV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 14**

(1) Овој договор е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примероци.

| | |
|---|---|
| **КУПУВАЧ**<br>**за ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје** | **ПРОДАВАЧ**<br>**--------------------------------------** |
| **УПРАВИТЕЛ** | **ДИРЕКТОР** |
| ______________________<br>**ЃОРЃИ КАРАЛИЕВ** | ______________________ |